## ПОСЕТА НА КОМПАНИИ ОД СТРАНСТВО

На 8.05.2008 Машинскиот факултет го посети делегација од компанијата GAPP од Велика Британија, а на 15.05.2008 делегација од компанијата Montipe од Франција. Двете компании се потенцијални инвеститори во Македонија, кои го посетија Факултетот, како клучна институција за обука на идни кадри, на предлог на Секторот за странски инвестиции во Владата на РМ.

## АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ПОчИСТО ПРОИЗВОДСТВО

Во рамките на програмата за почисто производство 2007/08, во периодот од 12 до 16 мај се одржа работилница чија основна цел беше да се направи преглед на состојбата и активностите во секоја од компаниите опфатени со тековниот циклус, како и да се посочат можните опции за подобрувања. Метод на работа: интерактивна работа во група формирана од страна на НЦПП, компанијата и меѓународни консултанти.

## CEEPUS МОБИЛНОСТИ

Во текот на мај 2008 во рамките на CEEPUS програмата за мобилност, на Машинскиот факултет престојуваа двајца професори од Техничкиот универзитет во Клуж Напока, Романија, како и еден професор и двајца докторанти од Техничкиот универзитет во Краков, Полска.

## CEEPUS КОНКУРС

Во рамки на CEEPUS програмата, отворен е конкурс за аплицирање за стипендија на мобилност за професори и студенти во рамките на проектните мрежи кои се активни и во кои се вклучени 12 земји од Централна и Југоисточна Европа, меѓу кои и Македонија. Аплицирањето се врши on-line на CEEPUS сајтот www.ceepus.info.

## СТУДЕНТСКА ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Во периодот 26-28.05.2008 се реализираше студентска теренска настава во Република Србија, за студентите од 8 семестар на насоките ХПА и ЕЕ на МФ, при што беа посетени повеќе значајни објекти и институции поврзани со наведените студиски програми.

## НАУКА ЗА СИТЕ

На 23.05.2008 во организација на УКИМ и Град Скопје, на градскиот плоштад Македонија се реализираше манифестацијата НАУКА ЗА СИТЕ. На настанот се претстави Машинскиот факултет со забележителен станд и нагледни средства од повеќе научни области кои се негуваат на Факултетот.



## Отсуства во мај 2008

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец мај 2008 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Иван Мицкоски, во својство на водител на теренска настава со студентите запишани на насока мехатроника, реализираа службено патување во Р.Бугарија.

2. Доц. д-р Зоран Марков, во својство на водител на теренска настава со студентите запишани на насоките АФА,ХА и ЕЕ, реализираа службено патување во Р.Србија

3. Доц. д-р Ѓорѓи Аџиев реализира службено патување во Словенија и Германија со цел превземање на активности за проектна соработка и подготовка на апликации за нови проекти.

4. Вон. проф. д-р Атанас Кочов реализира службено патување во Каиро, Египет со цел негово учество како претставник на Владата на РМ на ТЕМПУС конференцијата за подобрување на квалитетот во високото образование .

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**13.06.2008**
**ДУХОВДЕН, ПЕТОК ПРЕД ДУХОВДЕН (ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ПРАВОСЛАВНА ВЕРОИСПОВЕСТ)**

**26.06.2008**
**43 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, мај, број 71**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## КОНФЕРЕНЦИЈА ICEIRD 2008

Од 8-11 мај беше одржана првата интернационална конференција за претприемаштво, иновации и регионален развој од страна на Универзитетскиот центар за развој на нови бизниси, Македонија и Сити Колеџ, Грција. Присуствуваа над 150 посетители од 23 земји, а беа презентирани и 87 стручни трудови и истражувања. За повеќе информации www.iceird.org

